ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2021 ГОДИНА НА

# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ“ ОПШТИНА АЕРОДОРОМ - СКОПЈЕ

# СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

01 2021 10 165/3

Скопје, март 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 – 8 |
| **Финансиски извештаи за 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 9 |
| Биланс на состојба | 10 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 11 |
| Сметководствени политики | 12 - 13 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 13 - 16 |


Прилози:
Прилог бр.1 – Забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор
Прилог бр.2 – Одговор по забелешки на Нацртот извештај на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

ООУ – Основно општинско училиште

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-213/11

Дата: 21.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основното општинско училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром – Скопје, на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- не издадени и сметководствено неевидентирани фактури по договори за закуп;
- издадените фактури не ги содржат потребните елементи, немаат потпис и архивски не се заверени;
- нереално и необјективно прикажување на побарувањата од купувачите и не извршен попис на побарувањата.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Од страна на в.д. директорот на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, добиен е допис со кој се доставени информации побарани во текот на ревизијата, а кои ревизорскиот тим ги обезбеди на 15.01.2023 година преку електронска пошта и земени се во предвид при вршење на ревизијата.

Од страна на поранешниот директор на училиштето добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787). Истите се разгледани и констатирано е дека една забелешка се прифаќа поради доставена дополнителна документацијата, а една забелешка не се прифаќа, поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба.

# 1. ВОВЕД

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2022 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Марјана Панчевска – директор, од 11.12.2019 до 02.02.2022 година,
- Сања Стојанова – директор, од 03.02.2022 до 30.09.2022 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.12.2022 година до 16.01.2023 година кај ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 17.01.2023 година.

На ден 02.03.2023 година добиен е допис од страна на в.д. директорот на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, заведен во Државен завод за ревизија под број 17-213/7 од 10.03.2023 година. Во прилог на дописот доставени се информации побарани во текот на ревизијата кои ревизорскиот тим ги обезбеди на 15.01.2023 година преку електронска пошта и земени се во предвид при вршење на ревизијата.

На ден 22.02.2023 година, од страна на поранешниот директор на училиштето добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), заведени во Државен завод за ревизија под број 17-213/8 од 10.03.2023 година. Забелешките се однесуваат на точките 3.1.2. и 3.2.1.

Истите се разгледани и констатирано е дека забелешката на точката 3.1.2 се прифаќа поради доставена дополнителна документацијата, а забелешката на точката 3.2.1. не се прифаќа, поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Наодот изнесен во точката 3.2.1 од Извештајот за сметката на расходи на буџет на дотации (903) кој се однесува на непочитување на стандардните процедури за канцелариско и архивско работење на училиштето при влез и излез на фактурите се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787).

3.1.2. ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје училишниот простор го издава под закуп во постапка уредена со Правилникот за постапката, начинот и условите за давање на користење на училишниот простор донесен од Советот на Општина Аеродром[1]. Согласно Правилникот за издавање на просторот училиштето има обезбедено согласност за донесените одлуки за издавање[2] од Општина Аеродром. И покрај добиените две согласности, поради КОВИД 19 пандемијата училиштето во текот на 2021 година спровело една постапка за издавање на простор за учебната 2021/2022 година, за која на веб страната на Општина Аеродром[3] е објавен оглас.

Од страна на Комисијата за спроведување на постапката, изготвен е записник за отворање на понудите[4] и записник за состанок на комисијата[5] во кои е утврдено дека од добиените четири понуди, прифатени се две понуди за закуп на фискултурната сала. Согласно член 8 од Правилникот за просторот или терминот на давањето на просторот, предмет на закупот, училиштето и закупците имаат склучено договор[6] со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности.

Во текот на 2021 година, до корисниците на просторот издадени се осум фактури во вкупен износ 185 илјади денари. Дел од фактурите во износ од 108 илјади денари се без потпис и печат од училиштето. Фактурите кои училиштето ги изготвува содржат само вкупен износ за наплата, од кои не може да се потврди точноста на фактурираниот износ (ден, термини за користење и цена), што не е во согласност со член 3 од договорот за закуп на термини бр.03-610/1 од 18.10.2021 година каде се предвидени различни цени за користење на термини во спортската сала во поодделни денови. Издавањето на фактури кои не ги содржат потребните податоци за пресметаниот износ на задолжувањето влијаат на точноста на фактурите и на висината на остварени приходи по овој основ.

[1] Правилник за постапката, начинот и условите за давање на користење на училишниот простор Бр. 09-61/3 од 10.02.2020 Службен гланик на Општина Аеродром бр.2 од 10.02.2020 година и Измена и дополнување на Правилникот за постапката, начинот и условите за давање на користење на училишниот простор бр. 09-77/3 од 12.03.2021 година објавен во Службен гласник на Општина Аеродром бр. 3 од 15.03.2021 година

[2] Одлука за објавување на оглас за издавање на училишен простор бр. 02-58/3 од 09.02.2021 година и Одлука за објавување на оглас за издавање на училиштен простор под закуп бр. 02-308/2 од 07.07.2021 година

[3] http://www.aerodrom.gov.mk/vest/6786

[4] Бр.03-526/1 од 07.09.2021 година

[5] Бр.03-526/2 од 07.09.2021 година

[6] бр.03-608/1 од 18.10.2021 година и бр.03-610/1 од 18.10.2021 година

Препорака:

Одговорните лица во училиштето да преземат мерки и активности за навремено изготвување на фактури по основ на закуп со дефинирање на фактурираниот износ.

## 3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. Во деловните книги и финансиските извештаи за 2021 година училиштето има евидентирано приходи од закуп во вкупен износ од 107 илјади денари, додека салдото на побарувањата за закуп на простор е побарувачко (негативно) во износ од 305 илјади денари. Со ревизијата во делот на начинот на евидентирање на побарувањата по основ на закуп и остварените приходи ги утврдивме следните состојби:

- во изминатите годни не се издавани излезни фактури по договорите за закуп и не се евидентирани излезни фактури, а поради извршени наплати се појавува негативно побарувачко салдо на побарувањата. Ваквото постапување не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници[7] и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[8];
- не е извршен попис на побарувањата преку проверка и потврдување на правната основа за нивно постоење и нивната старосна структура, како што е уредено со член 21 од Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и не се врши редовно усогласување на салдата на побарувањата со купувачите;
- дел од побарувањата во износ од 164 илјади денари потекнуваат од минати години за кои не се преземени мерки за наплата и согласно член 363 од Законот за облигациони односи постои ризик истите да бидат застарени.

Утврдените состојби на неиздавање и не евидентирање на излезни фактури за побарувањата по основ на закупнини, непреземени мерки за нивна наплата влијаат на реално и објективно прикажување на состојбите во финансиските извештаи.

[7] „внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.“

[8] „со потпис на документот на одговорното лице на буџетот и буџетскиот корисник или лицето коешто тој ќе го овласти, се гарантира дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената промена, односно трансакција.“

Препорака :

Директорот на училиштето да преземе мерки и активности за:

- навремено изготвување и сметководствено евидентирање на излезните фактури;
- вршење попис на побарувањата согласно законските прописи;
- испраќање на опомени до должниците за навремена наплата на побарувања.

## Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување на мислење, во точките 3.1 и 3.2. се однесуваат на:

- не издадени и сметководствено неевидентирани фактури по договори за закуп;
- издавање на фактури без утврдена спецификација, без потпис и архивски заверени;
- нереално и необјективно прикажување на побарувањата од купувачите и не извршен попис на побарувањата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (787) на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (787) на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Општинско осново училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродором - Скопје

Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 218 | 373 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 543 | 498 |
| **Вкупно приходи** | | 761 | 871 |
| **Расходи** | 3.2. | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 456 | 328 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 456 | 328 |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 41 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 41 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | 497 | 328 |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.4. | 264 | 543 |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 3.5. | 26 | 54 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.6. | 238 | 489 |

Општинско осново училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродором - Скопје

Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 264 | 543 |
| Побарувања | 4.1.2. | (305) | (333) |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 28 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 146 | 22 |
| **Вкупно тековни средства** | | 133 | 232 |
| **Вкупна актива** | | 133 | 232 |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 174 | (6) |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 0 | 28 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | (41) | 210 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 133 | 232 |
| **Вкупна пасива** | | 133 | 232 |

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 03-135/1
26.02 2023 год.
Аеродром-Скопје

**До Државен завод за ревизија**
**Ул. ,,Павел Шатев” Бр.2**

Почитувани, во прилог Ви ја испраќаме потребната документација за подобро утврдување на фактичката состојба на Училиштето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: 10.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 17-213/7 | | |

**в.д. Директор**
**Ивана Цветановска**

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Аеродром-Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: 02.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 30-10/848 | | | |


Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“
Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
+389 2 2452091www.oouljubenlape.edu.mk

**From:** marjana pancevska <marjana_pancevska@yahoo.com>
**Sent:** Wednesday, February 22, 2023 10:47 AM
**To:** ljuben_lape@yahoo.com; Viktorija Stankovska <viktorijastankovska66@yahoo.com>; Gorica Nikolovska <gorica.petkoska@dzr.gov.mk>
**Cc:** Marina Blazevska <marina.blazevska@dzr.gov.mk>; Marija Trajkovska <marija.trajkovska@dzr.gov.mk>; Martin Majstorov <martin.majstorov@dzr.gov.mk>
**Subject:** Известување

Почитувани,
На 3.2.2023 година ги добив Нацрт извештаите од извршената ревизија за работата во училиштето. После разговорот дека јас како одделенски наставник и поранешен директор на ООУ Љубен Лапе може да Ви доставам дополнителни документи за потребите на ревизијата , Ви доставувам документи кои ги добив од сопствениците на спортските клубови и писмо со образложение за некои забелешки.

Сметам дека овие документи ќе допринесат за вистинска слика за работата во училиштето.

Забелешка: Доколку е потребно училиштето да ги прати документите со пропратно писмо до Вашата институција, ќе Ве замолам за повратен меил и информација.

Со почит,

Марјана Панчевска
Одделенски наставник
ООУ„Љубен Лапе" , Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ
Примено / Pranuar më: 13.03.2023
17-213/8

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar më: 10.03.2023
Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr. 17-213/8 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera:

До
Тимот на ревизори
при Државен завод за ревизија,
Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

По добивањето на Нацрт извештаите од извршената ревизија на сметките на училиштето сметам дека треба да Ви доставам уште неколку документи кои ќе допринесат за вистинска слика за работата во училиштето.

Во Нацрт извештајот за извршена ревизија на сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) под основ за изразување на мислење стои дека

- Училишниот простор се издавал под закуп без склучен договор

**Од половината на месец септември 2021 година, во училиштето почнавме повторно да издаваме простор под закуп и тоа фискултурната сала и кујната со трпезаријата за топол оброк.**
**Фискултурната сала ја изнајмуваа за тренинг:**
**-Училишниот спортски клуб – НЕ плаќа закуп**
**-Кошаркарскиот клуб МЗТ- НЕ плаќа закуп**
**-Одбојкарски клуб ,,МАСТЕР ВОЛЕЈ”- плаќа закуп**
**-Кошаркарски клуб ,,ФЕНИКС 2010”- плаќа закуп**
**-Угостителска фирма ,,Далма Фуд Кетеринг” – плаќа закуп**

**Договорот со ОК ,,МАСТЕР ВОЛЕЈ” и договорот со КК,, ФЕНИКС 2010,, ги добив од сопствениците на клубовите бидејки ги немаше во училиште и истите Ви ги доставувам во прилог на овој меил.**
**Договорот со фирмата ,,Далма Фуд Кетеринг” го имаше во папката со договори која што беше на увид.**

**ОК ,,МАСТЕР ВОЛЕЈ” редовно си го плаќаше закупот.**

**КК ,,ФЕНИКС 2010” беше во претплата од пред пандемијата. Тој во месец февруари 2020 година имаше платено закуп заклучно со месец мај 2020 година. Пандемијата започна во месец март 2020 година. Па така закупнината за март, април и мај му се префрли за закуп на простор во 2021 година.**

**Со фирмата ,,Далма Фуд Кетеринг” во септември-октомври имавме од нивна страна несогласувања околу плаќањето на закупот за простор, но подоцна почнаа да си го плаќаат закупот кој важеше од септември 2021 ( декември 2021 и 2022 година - може да се провери во банковите изводи кога почнале да плаќаат закуп )**

- Не издадени и сметководствено неевидентирани фактури по договори за закуп – **секретар , сметководител**

- Издавање на фактури без утврдена спецификација, без потпис и архивски заверени

  **Ако за спецификација се мисли на утврдена цена за закуп на простор, може да кажам дека цената за издавање под закуп на училиштен простор, Комисијата за издавање на училишен простор под закуп ја формираше според документ Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот по м2 од овластен проценител и во него е дадена најниската цена за закуп на опрелен простор во училиштето (училница, сала, хол, ...).**
  **Извештајот е во училиште.**

  **Фактури немам издадено многу бидејки беше пандемија и просторот во училиштето не се даваше под закуп. Кога започнавме со настава со физичко присуство од септември 2021 година, почнавме да го даваме просторот под закуп.**
  **Фактури без потпис и архивски заверени немам издадено од моја страна.**
  **Всушност, зошто би платил изнајмувачот на простор фактури без потпис и архивски заверени, а истите се невалидни и за училиштето но и за него како корисник на просторот (сами на себе би си направиле штета).**

- Нереално и необјективно прикажување на побарувањата од купувачите и не извршен попис на побарувањата – **секретар , сметководител**

Со почит,

Марјана Панчевска
Одделенски наставник
ООУ„Љубен Лапе" , Скопје

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 03-610/1
18.10.2021 год.
Аеродром-Скопје

Здружение за афирмација на спортот и спортската култура - Спортски клуб
Бр. 01-061/1
18.10.2021 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ТЕРМИНИ**

Склучен на ден 01.09. 2021 година, помеѓу:

1. **Општинско Основно Училиште „Љубен Лапе " Општина Аеродром, Скопје, застапувано од директорот Марјана Панчевска, со седиште на ул. Васко Карангелески бр. 2, во Општина Аеродром, Скопје, назив на примачот- Трезорска канцеларија, банка на примачот –НБРМ, ж-ска - трезорска сметка-100000000063095 сметка на буџетскиот корисник-775010448078715 , приходна шифра 723119 и програма H1. (во натамошен текст: закуподавец)**

2. **Здружение за афирмација на спорт и спортска култура Спортски клуб МАСТЕР ВОЛЕЈ Скопје, застапувано од Зафиров Виктор со ЕМБР - 1011977450107 со седиште во Скопје, на ул Гаврил Константиновиќ бр. 5А скопје, ЕДМБ ____________, мб-7068611 , жиро сметка 300000003896623 депонент на Комерцијална Банка, (во натамошен текст: закупец)**

Член1

Со овој Договор се уредуваат правата и обврските на Закуподавецот и Закупецот за издавањето под закуп на училишен простор (сала) на **ООУ „Љубен Лапе" Општина Аеродром Скопје,** и тоа во временски период од 01.09.2021 г.. до 30.05.2022 год. за секој алендарски месец во годината во деновите: понеделник од 20,15 до 21,15 часот со цена 1.270,00 ден.; вторник од од 20,15 до 21,15 часот со цена 1.407,00 ден.; и среда од од 20,15 до 21,15 часот со цена 1.280,00 ден.; и четврток 20,15 до 21,15 часот со цена 1.308,00 ден., или вкупно 4 часа неделно.

Член 2

Деловен училишен простор ( сала ) на Општинско основното училиште „Љубен Лапе" , Скопје, е со вкупна површина до 538 м² (сала) -

Член 3

Висината на месечната закупнината за еден час ќе изнесува понеделник од 20,15 до 21,15 часот со цена 1.270,00 ден.; вторник од од 20,15 до 21,15 часот со цена 1.407,00 ден.; и среда од од 20,15 до 21,15 часот со цена 1.280,00 ден.; и четврток 20,15 до 21,15 часот со цена 1/308,00 ден., или вкупно 4 часа неделно. (училишен простор )

Висината на закупнината со овој Договор почнува да се плаќа од денот на потпишувањето на договорот.

Закупецот е должен да ја плаќа закупнината месечно однапред и тоа најдоцна 5-ти во месецот, на жиро сметка на училиштето, без оглед на приемот на фактурата, во спротивно му се засметува затезна камата.

Неплаќањето на 1 (една) закупнина во текот на една година претставува основ за раскинување на Договорот за закуп.

Член 4

Исполнувањето на обврските од договорот за закуп, Закупецот ги обезбедува со депонирање на банкарска гаранција или уплата за гаранција на жиро сметка на училиштето, во висина од 1 (една) месечна закупнина.

Неплаќањето на 1 (една) месечна закупнина, во текот на траењето на закупниот однос, претставува основ за активирање на средствата за обезбедување.

Член 5

Овој договор се склучува на определено време од 1 (една) учебна година, почнувајќи од потпишувањето.

Член 6

По потпишувањето на овој Договор, пред отпочнувањето на користење на предметниот простор од страна на закупецот, догорените страни составуваат Записник кој претставува составен дел на овој Договор.

Денот на записничкото примопредавање на просторот меѓу овластено лице на ООУ „Љубен Лапе„ и **Здружение за афирмација на спорт и спортска култура Спортски клуб МАСТЕР ВОЛЕЈ Скопје** се смета како ден кога започнуваат да се остваруваат правата и обврските од Договорот за закуп.

Доколку закупецот не започне со обавување на дејноста во просторот во рок од 30 дена од денот на неговото записничко примопредавање, Договорот за закуп престанува да важи.

Член 7

Закупецот е должен да ги употребува просториите како добар домаќин и стопанственик, како и според нивната намена .

Тој одговара за штетата што ќе настане со употреба спротивно на став 1 од овој член.

Ако Закупецот и по опомената од Закуподавачот го употребува прос-торот спротивно на Договорот или на неговата намена или го занемарува неговото одржување, постои опасност од значителна штета за Закуподавецот тој може да го откаже договорот без давање отказен рок.

Член 8

Закупецот неможе без писмена согласност на закуподавачот да врши промени на просторот (преградување, преправки и други инвестициони работи)

Доколку закупецот изврши промени без писмена согласност на Закподавачот, договорот за закуп се раскинува, а трошоците паѓаат на товар на Закупецот. Во ваков случај, закупецот е должен по избор на Закуподавецот на свој трошок да го врати просторот во состојба во која се наоѓа, без право на надомест на вложените сретства . Односите меѓу Закупецот и Закуподавачот во случај на давање на писмена согласност за промените во смисла на став 1 од овој член се регулира со посебна Спогодба составен дел на овој Договор.

Член 9

Закупецот е должен да го извести Закуподавачот за секоја непредвидена опасност која во текот на закупот би им се заканила на закупените простории за да може тој да превземе мерки за заштита.

Закупецот ја превзема одговорноста за применување на сите законски прописи од областа на ПП-заштита.

Закуподавецот не одговара на штетата што закупецот ќе ја претрпи врз предметите што ги внел во просторот.

Член 10

Закупецот не може да го издава просторот во под закуп целосно или во делови, да го оптоварува со други товари, како и да го преотстапува, ниту според некој друг основ да му го предаде на друг во употреба. Во спротивно, овој Договор се смета за раскинат.

Член 11

Договорот за закуп може да го откаже секоја договорена страна, писмено, отказен рок од 60 дена.

Отказниот рок започнува да тече од денот кога откажувањето на сигурен начин му е соопштено на другиот договарач.

Член 12

При иселувањето од просторот по било кој основ Закупецот се обврзува просторот да го предаде записнички во исправна состојба, а во спротивно одговара за штетата причинета за тоа.

Кога ќе престане закупот по било кој основ, закупецот може да ги однесе додатоците кој ги внел ако можат да се одвојат без оштетување на просториите, а просторот да го врати на Закупецот неоштетен.

Во случај кога Закупецот без согласност, или надвор од дадената согласност на Закуподавецот, извршил промени во просторот кој по престанокот на закупот не може да се одвојат без оштетување на просторот, закупецот е должен по избор на Закуподавецот, просторот на свој трошок да го врати во состојбата во која се наоѓа без право да бара надомест за вложените средства. Во спротивно одговара за штетата причинета од тоа.

Закупецот е должен при примопредавањето на просторот да приложи доказ за измирени обврски од член 3 од овој Договор, во спротивно одговара за штетата која ќе настапи од страна на закуподавецот од неплаќањето .

Закупецот е должен кога ќе престане закупот на просторот, во однос на вложувањата за кој има согласност од Закуподавецот да постапи согласно Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи, составен дел на овој Договор.

Член 13

Договорот за закуп престанува да важи ако:

1. Закупецот биде осуден на издржување казна затвор во траење подолго од 6 (шест) месеци.

2. Закупецот трајно ја изгуби работната способност или почине.

3. Со правосилна пресуда на Закупецот му биде изречена мерка безбедност – забрана за вршење на дејноста.

4. Закупецот без оправдани причини престане да ја обавува дејноста во просторот повеќе од 30 дена.

5. Закупецот не започне со обавување на дејноста во рок од 30 дена од денот на примопредавањето на просторот.

6. Ако е отворена стечајна или постапка за ликвидација.

7. Ако Закупецот го издава просторот под закуп целосно или во делови, го оптоварува со други товари, го преотстапува или според некој друг основ да му го предаде на друг во употреба.

Член 14

Договорна казна за неисполнување на обврските од договорот за закуп определени во член 10 став 1 и член 13 точка 7, како и во други случаи кога доаѓа до раскинување на договорот заради несовесно и недомаќинско работење на закупецот изнесува 2000 евра.

Член 15

Закупецот изрично изјавува дека е согласен врз основа на овој Договор непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот, а заради наплата на доспеана, неплатена закупнина и други трошоци и надоместоци определени со овој Договор, како и присилно иселување доколку Договорот биде откажан, раскинат или на друг начин престанал да важи.

Закупецот изрично изјавува дека е согласен , доколку во рок од 8 дена од денот на престанокот на Договорот за закуп по било кој основ, односно по истекот на отказниот рок, не го испразни доброволно просторот од луѓе и ствари, Закуподавецот да може самиот да го поврати непосредното владение врз предметниот простор, со иселување и испразнување од луѓе и ствари, како и со присуство на Агенција за обезбедување.

Член 16

Закупецот е должен да го извести Закуподавецот за сите настанати промени во називот, седиштето, овластените лица за потпишување, жиро сметка, депонентната банка, статусните и слични промени, отворена стечајна или постапка за ликвидација како и останатите промени кој имаат влијание на овој Договор, во рок од 15 дена од настанатата промена. Во спротивно одговара за штетата која Закуподавецот би ја претрпел од тоа и претставува основ за еднострано раскинување на Договорот од страна на Закуподавецот.

Член 17

Побарувањето на Закуподавецот за плаќање на закупнина и други трошоци и надоместоци по овој Договор, Закупецот го обезбедува со :

– депонирање на банкарска гаранција во висина од 1(една) месечна закупнина или уплата за гаранција на сметка на училштето во висина од една месечна закупнина.

Член 18

За сé што не е договорено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи и другите позитивни законски прописи од областа на Закон на недвижност.

Член 19

Овој договор е составен од 4 еднообразни примероци од кои 2 за закуподавачот и 2 за закупецот.

**ЗАКУПЕЦ**
**Здружение за афирмација на спорт и спортска култура Спортски клуб МАСТЕР ВОЛЕЈ Скопје**

Виктор Захаров

**ЗАКУПОДАВА**
**ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром Скопје**
**Директор,**
**Марјана Панчевска**

Бр 03-608/1
18.10 2021 год.

03-09/90
18.10 2021
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ТЕРМИНИ

во фискултурната сала во ООУ „Љубен Лапе " Општина Аеродром, Скопје

Склучен на ден 27.08. 2021 година, помеѓу:

**1. Основно Училиште ООУ „Љубен Лапе " Општина Аеродром, Скопје, застапувано од директорот Марјана Панчевска, со седиште на ул. „Васко Карангелески бр. 2", во Општина Аеродром, Скопје, ЕДБ 4030986165259 жиро-сметка 7750104480 787 15 програма- Н 1 приходна шифра 723 119 депонент на НБРМ.** (во натамошен текст: **закуподавец**)

**2.** Здружение КК „ ФЕНИКС 2010„ Скопје, застапувано од Денис Дервишевиќ ЕМБР 0406980450178 со седиште во Скопје, на Бул. „АСНОМ„ бр. 14-2/17 Скопје, ЕМБ 40800105112105 жиро сметка 300000003096664 депонент на Комерцијална банка, (во натамошен текст: **закупец**).

Член1

Со овој Договор се уредуваат правата и обврските на Закуподавецот и Закупецот за издавањето под закуп на училишна фискултурна сала на ОУ **„Љубен Лапе"** и тоа во временски период од 01.09.2021 до 31.05.2022 година секој календарски месец во годината во деновите, вторник од 18:15 до 19:15 со цена **1.400,00** денари и од 19.15-20,15 со цена од **1.390,00** денари; петок од- 18,15 часот до 19,15 часот со цена од **1.350.00** денари и од 19,15-20,15 часот со цена од **1.370,00** денари , вкупно 4(четири) часа .

Член 2

Фискултурната сала на Основното Училиште „Љубен Лапе" , Скопје, е во вкупна површина до 538 м².

Член 3

Висината на месечната закупнината ќе се пресметува во износ од бројот на икористените термини по час.

Висината на закупнината со овој Договор почнува да се плаќа од денот на потпишувањето на договорот.

Закупецот е должен да ја плаќа закупнината месечно однапред и тоа најдоцна 5-ти во месецот, на жиро сметка број **775010448078715** без оглед на приемот на фактурата, во спротивно му се засметува затезна камата.

Неплаќањето на 1(една) закупнина во текот на една година претставува основ за раскинување на Договорот за закуп.

Член 4

Исполнувањето на обврските од договорот за закуп, Закупецот ги обезбедува со депонирање на банкарска гаранција во висина од (една) месечна закупнина.

Неплаќањето на 1 (една) месечна закупнина, во текот на траењето на закупниот однос, претставува основ за активирање на средствата за обезбедување.

Член 5

Овој договор се склучува на определено време од 1 (една) учебна година, почнувајќи од потпишувањето на договорот.

Член 6

По потпишувањето на овој Договор, пред отпочнувањето на користење на предметниот простор од страна на закупецот, догорените страни составуваат Записник кој претставува составен дел на овој Договор.

Денот на записничкото примопредавање на просторот меѓу овластено лице на ООУ **„Љубен Лапе„ и КК „ ФЕНИКС 2010„ Скопје** , се смета како ден кога започнуваат да се остваруваат правата и обврските од Договорот за закуп.

Доколку закупецот не започне со обавување на дејноста во просторот во рок од 30 дена од денот на неговото записничко примопредавање, Договорот за закуп престанува да важи.

Член 7

Закупецот е должен да ги употребува просториите како добар домаќин и стопанственик, како и според нивната намена .

Тој одговара за штетата што ќе настане со употреба спротивно на став 1 од овој член.

Ако Закупецот и по опомената од Закуподавачот го употребува просторот спротивно на Договорот или на неговата намена или го занемарува неговото одржување, постои опасност од значителна штета за Закуподавецот тој може да го откаже договорот без давање отказен рок.

Член 8

Закупецот неможе без писмена согласност на закуподавачот да врши промени на просторот (преградување, преправки и други инвестициони работи).

Доколку закупецот изврши промени без писмена согласност на Закподавачот, договорот за закуп се раскинува, а трошоците паѓаат на товар на Закупецот. Во ваков случај, закупецот е должен по избор на Закуподавецот на свој трошок да го врати просторот во состојба во која се наоѓа, без право на надомест на вложените сретства.

Односите меѓу Закупецот и Закуподавачот во случај на давање на писмена согласност за промените во смисла на став 1 од овој член се регулира со посебна Спогодба составен дел на овој Договор.

Член 9

Закупецот е должен да го извести Закуподавачот за секоја непредвидена опасност која во текот на закупот би им се заканила на закупените простории за да може тој да превземе мерки за заштита.

Закупецот ја превзема одговорноста за применување на сите законски прописи од областа на ПП-заштита.

Закуподавецот не одговара на штетата што закупецот ќе ја претрпи врз предметите што ги внел во просторот.

Член 10

Закупецот не може да го издава просторот во под закуп целосно или во делови, да го оптоварува со други товари, како и да го преотстапува, ниту според некој друг основ да му го предаде на друг во употреба, во спротивно, овој Договор се смета за раскинат.

Член 11

Договорот за закуп може да го откаже секоја договорена страна, писмено, отказен рок од 60 дена.

Отказниот рок започнува да тече од денот кога откажувањето на сигурен начин му е соопштено на другиот договарач.

Член 12

При иселувањето од просторот по било кој основ Закупецот се обврзува просторот да го предаде записнички во исправна состојба, а во спротивно одговара за штетата причинета за тоа.

Кога ќе престане закупот по било кој основ, закупецот може да ги однесе додатоците кој ги внел ако можат да се одвојат без оштетување на просториите, а просторот да го врати на Закупецот неоштетен.

Во случај кога Закупецот без согласност, или надвор од дадената согласност на Закуподавецот, извршил промени во просторот кој по престанокот на закупот не може да се одвојат без оштетување на просторот, закупецот е должен по избор на Закуподавецот, просторот на свој трошок да го врати во состојбата во која се наоѓа без право да бара надомест за вложените средства. Во спротивно одговара за штетата причинета од тоа.

Закупецот е должен при примопредавањето на просторот да приложи доказ за измирени обврски од член 3 од овој Договор, во спротивно одговара за штетата која ќе настапи од страна на закуподавецот од неплаќањето.

Закупецот е должен кога ќе престане закупот на просторот, во однос на вложувањата за кој има согласност од Закуподавецот да постапи согласно Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи, составен дел на овој Договор.

Член 13

Договорот за закуп престанува да важи ако:

1. Закупецот биде осуден на издржување казна затвор во траење подолго од 6 (шест) месеци.

2. Закупецот трајно ја изгуби работната способност или почине.

3. Со правосилна пресуда на Закупецот му биде изречена мерка безбедност – забрана за вршење на дејноста.

4. Закупецот без оправдани причини престане да ја обавува дејноста во просторот повеќе од 30 дена.

5. Закупецот не започне со обавување на дејноста во рок од 30 дена од денот на примопредавањето на просторот.

6. Ако е отворена стечајна или постапка за ликвидација.

7. Ако Закупецот го издава просторот под закуп целосно или во делови, го оптоварува со други товари, го преотстапува или според некој друг основ да му го предаде на друг во употреба.

Член 14

Договорна казна за неисполнување на обврските од договорот за закуп определени во член 10 став 1 и член 13 точка 7, како и во други случаи кога доаѓа до раскинување на договорот заради несовесно и недомаќинско работење на закупецот изнесува 2000 евра.

Член 15

Закупецот изрично изјавува дека е согласен врз основа на овој Договор непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот, а заради наплата на доспеана, неплатена закупнина и други трошоци и надоместоци определени со овој Договор, како и присилно иселување доколку Договорот биде откажан, раскинат или на друг начин престанал да важи.

Закупецот изрично изјавува дека е согласен , доколку во рок од 8 дена од денот на престанокот на Договорот за закуп по било кој основ, односно по истекот на отказниот рок, не го испразни доброволно просторот од луѓе и ствари, Закуподавецот да може самиот да го поврати непосредното владение врз предметниот простор, со иселување и испразнување од луѓе и ствари, како и со присуство на Агенција за обезбедување.

Член 16

Закупецот е должен да го извести Закуподавецот за сите настанати промени во називот, седиштето, овластените лица за потпишување, жиро сметка, депонентната банка, статусните и слични промени, отворена стечајна или постапка за ликвидација како и останатите промени кој имаат влијание на овој Договор, во рок од 15 дена од настанатата промена. Во спротивно одговара за штетата која Закуподавецот би ја претрпел од тоа и претставува основ за еднострано раскинување на Договорот од страна на Закуподавецот.

Член 17

Побарувањето на Закуподавецот за плаќање на закупнина и други трошоци и надоместоци по овој Договор, Закупецот го обезбедува со :

- депонирање на банкарска гаранција во висина од 1(една) месечна закупнина или уплата за гаранција на сметка на училиштето во висина од една месечна закупнина.

Член 18

За се што не е договорено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи и другите позитивни законски прописи од областа на закон на недвижност.

Член 19

Овој договор е составен од 4 еднобразни примероци од кои 2 за закуподавачот, 2 за закупецот, а еден за службена употреба.

**ЗАКУПЕЦ**
КК ,,ФЕНИКС 2010,, Скопје
**Претседател**
Денис Дервишевиќ

**ЗАКУПОДАВАЧ**
ОУ „Љубен Лапе “-Скопје
**Директор,**
Марјана Панчевска

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје бр. 17-213/3 од 01.02.2023 година, за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) и тоа:

- На ден 22.02.2023 година по електронски пат добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), од страна на г-ѓа Марјана Панчевска, поранешен директор, заведени во Државен завод за ревизија под број 17-213/8 од 10.03.2023 година.
- На ден 02.03.2023 година добиен е допис од страна на раководното лице на ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром – Скопје, г-ѓа Ивана Цветановска, в.д. директор, заведен во Државен завод за ревизија под број 17-213/7 од 10.03.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Забелешки од г-ѓа Марјана Панчевска – поранешен директор**

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.1.2.,** која се однесува на не обезбеден договор со еден од закупците на фискултурната сала **се прифаќа,** поради дополнително доставена документација, односно доставен е договорот бр.03-608/1 од 18.10.2021 година, обезбеден од правниот субјект - закупецот. Оваа состојба во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор соодветно ќе биде обелоденета.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.1.** која се однесува на утврдените состојби за не издавање и не евидентирање на излезни фактури за побарувањата по основ на закупнини, непреземени мерки за нивна наплата, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Со забелешките дадено е образложение за постапката за издавање на фактури кое ревизијата го имаше во предвид додека ја вршеше ревизијата.

**Забелешки од г-ѓа Ивана Цветановска, в.д. директор**

3. Со дописот бр. 03-135/1 од 28.02.2023 година, доставена е документација која ревизорскиот тим ја обезбеди на 15.01.2023 година преку електронска пошта и земена е во предвид при вршење на ревизијата.